Друштво за производство на пластични маси
7-МИ НОЕМВРИ
Бр. 0201-128/1
23.12.2021 год.
Гевгелија

Врз основа на член 456 од Законот за трговските друштва и член 84 од Статутот на Друштво за производство од пластични маси 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија, Собранието на акционери на седницата одржана на 23.12.2021 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

За одобрување голема зделка

За продажба на уделот на 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија во ГЕПЛАСТИК ДОО Гевгелија

Член 1

Се дава согласност за продажба на уделот на 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија кој го поседува во ГЕПЛАСТИК ДОО Гевгелија, кој удел е со проценета вредност од ден:11.956.159,00, која е утврдена со проценка од страна на овластен проценител Бранко Аризанов-МБ Процес Гевгелија со полноважност од 10.08.2021 година.

Член 2

За продажба на уделот од член 1 од оваа Одлукада се спроведе постапка за прибирање повеќе понуди од заинтересирани субјекти.

Од прибавените понуди да биде избрана понудата која ќе биде најповолна за 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија, а која понуда не смее да биде пониска од утврдената вредност на уделот во член 1 од оваа Одлука и со избраниот субјект врз основа на избраната понуда да биде склучен Договор за купопродажба.

Даночните обврски, трошоците за заверка на договорот за купопродажба на уделот, трошоците за упис на сопственоста во соодветни регистри, како и сите останати нужни трошоци за склучување на Договорот за купопродажба на уделот кој е предмет на оваа Одлука ќе паднат на товар на купувачот.

Член 3

Се задолжува Генералниот директор на 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија да ја спроведе постапката за продажба на уделот на 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија кој го поседува во ГЕПЛАСТИК ДОО Гевгелија на начин содржан во член 2 од оваа Одлука, како и да ја обезбеди потребната документација, да склучи и потпише Договор за купопродажба на уделот во име на 7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија како продавач и Договорот да го завери кај надлежен нотар.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Член 5

Согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност Одлуката да биде објавена на интернет страната на Македонска берза АД Скопје.

23.12.2021 година
Гевгелија

Претседател на
Собрание на акционери на
7-МИ НОЕМВРИ АД Гевгелија